Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-1291/3 од 25.03.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 15-та седница одржана на 25.03.2020 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Се одобрува зголемување на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020 година, бр.05-5575/1 од 25.12.2019 година.

2. Со предложеното зголемување на финансискиот план за 2020 година, вкупните планирани приходи и расходи според планот се зголемуваат за 105.000.000,00 денари, односно истите изнесуваат 243.132.275,00 денари. Со измените кои што се предлагаат, се обезбедуваат средства во износ од 105.000.000,00 денари, за доделување на финансиска помош – донација за справување со последиците од Коронавирусот COVID -19 и тоа:

- 30.000.000,00 денари на Јавниот радиодифузен сервис „Македонска радио телевизија“ за мерки и активности за заштита на своите вработени преку набавка на заштитни средства; за трошоци поврзани со производство, набавка и емитување на програма наменета за деца и млади, но и друг вид програма чија крајна цел е исполнување на улогата на јавен сервис во услови на пандемија и справување со негативните последици врз економското работење на јавниот сервис поради Коронавирусот;

- 73.000.000,00 денари на комерцијалните и непрофитните радиодифузери кои вршат телевизиско или радио емитување на територијата на Република Северна Македонија за мерки и активности за заштита на своите вработени преку набавка на заштитни средства; за трошоци поврзани со производство, набавка и емитување на програма, за санирање на негативните последици врз нивното економското работење поради Коронавирусот и овозможување нивното непречено функционирање;

- 1.000.000,00 денари на Министерството за здравство на Република Северна Македонија за набавка на стоки/добра и услуги кои се потребни заради заштита на населението на Република Северна Македонија од епидемија на 2019-nCov;

- 1.000.000,00 денари на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија за мерки и активности за заштита на своите вработени преку набавка на заштитни средства, набавка на возила или друга опрема и средства неопходни за извршување на активностите на Министерството за превенција, спречување ширење и справување со последиците од Коронавирусот;

3. Обезбедувањето на финансиските средства од точка (2) на оваа Одлука се извршува со измена на следните позиции:

- Вкупните приходи се зголемуваат за 105.000.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 138.132.275,00 денари, истите изнесуваат 243.132.275,00 денари.
- Позицијата Пренесени средства од минати години се зголемува за 105.000.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 12.422.275,00 денари, истата изнесува 117.422.275,00 денари.
- Вкупните расходи се зголемуваат за 105.000.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 138.132.275,00 денари, истите изнесуваат 243.132.275,00 денари, односно се воведува нова групна ставка која гласи:
  - **450 – Помошти, донации и други давања на субјекти** и истата изнесува 105.000.000,00 денари и се воведува:
  - Позиција **450100 – Помошти, донации и други давања на субјекти** која изнесува 105.000.000,00 денари.

4. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги потребно е да изврши зголемување на Финансискиот план на Агенцијата за 2020 година, со цел да се обезбедат средства наменети за финансиска помош – донација за справување со последиците од Коронавирусот COVID -19.

За горенаведените исплати потребно е да се обезбедат средства во вкупен износ од 105.000.000,00 денари. Вкупните приходи се зголемуваат за 105.000.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 138.132.275,00 денари, истите изнесуваат 243.132.275,00 денари. Позицијата Пренесени средства од минати години се зголемува за 105.000.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 12.422.275,00 денари, истата изнесува 117.422.275,00 денари. Вкупните расходи се зголемуваат за 105.000.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 138.132.275,00 денари, истите изнесуваат 243.132.275,00 денари, односно се воведува нова групна ставка која гласи: 450 – Помошти, донации и други давања на субјекти и истата изнесува 105.000.000,00 денари и се воведува: Позиција 450100 – Помошти, донации и други давања на субјекти која изнесува 105.000.000,00 денари.

Имено, со предложеното зголемување на финансискиот план за 2020 година, вкупните планирани приходи и расходи според планот се зголемуваат за 105.000.000,00 денари, односно истите изнесуваат 243.132.275,00 денари.

Следствено на сето погоре наведено, а врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија„ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.____________од 25.03.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и

аудиовизуелни медиумски услуги на 15-та седница одржана на 25.03.2020 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр. 05-1357/1**

**25-03- 2020 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:

- Директорот;
- Секторот за финансии и логистика;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи-Архивата;